Врз основа на член 387 и 388 од Законот за трговските друштва (Сл.весник на Р.М. бр.28/04) и одредбите од Статутот на РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје, Одборот на директори, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

*За учество на Собранието на друштвото*

Седницата на Собранието на РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје ќе се одржи на ден 28.05.2015 година (четврток) во просториите на РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје, ул. 16-та Македонска бригада бр.18 во $12^{00}$ часот.

Собранието на седницата ќе работи по следниот

## Дневен ред

**I. Процедурален дел**

- Избор на претседавач на Собранието;
- Избор на записничар и оверувачи на записникот;
- Избор на бројач на гласови;

**II. Работен дел**

1. Усвојување на записникот од последната седница на Собранието на акционерите;
2. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на акционерското друштво и разгледување на извештајот на овластениот Ревизор во деловната 2014 година;
3. Расправа и донесување Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на директори во 2014 (оваа расправа е поврзана со претходната точка на дневниот ред);
4. Донесување на Одлука за распределба на остварената нето добивката утврдена со годишна сметка за деловната 2014 година и
5. Донесување на Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2015 година.

Во работата на Годишното собрание можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување.

Услов за учество во работата на Годишното собрание е пријавување на акционерот или овластениот претставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почетокот на одржувањето на седницата на Годишното собрание.

Акционерите кој ќе овластат полномошник на седницата на Собранието на друштвото со давање полномошно во писмена форма, се без обврска да го заверат полномошното кај Нотар и треба веднаш да го известат друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма.

Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на Годишното собрание може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Годишното собрание ќе бидат ставени на увид од денот на објавата на јавниот повик, секој работен ден во просториите на РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје, од $12^{00}$-$14^{00}$ часот, што се наоѓа на ул. 16-та Македонска бригада бр.18.

Официјалната интернет страница на друштвото е **www.rzinstitut.com.mk.**

**РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје**
**Одбор на директори**